

Скопје, 05/10/2012, бр.09-6502/1

Од 2013 година

# ЗАДОЛЖИТЕЛНО КОРИСТЕЊЕ НА Е-ДАНОЦИ ЗА ДДВ ОБВРЗНИЦИТЕ

*Од 2013 година, ДДВ обврзниците имаат законска обврска ДДВ-пријавите и даночните биланси пропишани со Законот за данокот на добивка да ги поднесуваат до УЈП по електронски пат преку системот е-Даноци (Закон за даночна постапка „Службен весник на РМ“, бр.84/12).*

Законскиот рок за задолжително поднесување на даночните пријави преку https://etax-fl.ujp.gov.mk за месечните ДДВ обврзници е 1 јануари 2013 година, додека за тримесечните ДДВ обврзници рокот е 1 јули 2013 година.

Заради навремено усогласување со новите законски обврски, УЈП им препорачува на ДДВ обврзниците да не го чекаат последниот рок и да го искористат периодот октомври-декември за прилагодување и користење на придобивките од електронската комуникација и поднесување на даночни пријави и други обрасци до УЈП.

Управата очекува до 31 декември 2012 година, 1619 месечни ДДВ обврзници да се регистрираат за е-Даноци и 2967 месечни ДДВ обврзници, кои се веќе регистрирани корисници, да мигрираат кон новиот систем на е-Даноци. (Табела 1)

*Табела 1: Регистрирани корисници за е-Даноци, 09/2012 година*

| | Регистрирани за е-Даноци | Нерегистрирани за е-Даноци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| *ДДВ обврзници* | **16516** | **18480** | **34996** |
| Месечни | 2967 | 1619 | 4586 |
| Тримесечни | 8870 | 9146 | 18016 |
| Годишни | 4679 | 7715 | 12394 |
| *Други* | **8176** | | |
| Правни лица | 6369 | | |
| Самостојни вршители на дејност | 1727 | | |
| Граѓани (физички лица) | 80 | | |
| Вкупно | 24692 | | |

*Извор*: Управа за јавни приходи

Доколку навреме и во предвидените рокови обврзниците не ги преземат потребните чекори, нема да бидат во можност да ги користат електронските услуги на УЈП, односно постои ризик да не ги исполнат навреме своите законски обврски за поднесување на даночни пријави и пријавување на ДДВ и Данок на добивка во Управата за јавни приходи.

Покрај Интернет и е-Пошта, задолжителен предуслов за регистрација и користење на е-Даноци е Дигитален сертификат на USB токен, издаден од овластена куќа, кој е неопходен за електронско потпишување и верификација на постапката на регистрација и на формуларите кои даночниот обврзник ќе ги поднесува преку https://etax-fl.ujp.gov.mk

За практична примена на е-даночните услуги, УЈП секој месец ќе организира обуки и советувања за даночните обврзници низ цела Македонија. Повеќе информации во врска со обуките и сите други прашања поврзани со е-Даноци, обврзниците можат да ги обезбедат преку веб страницата www.ujp.gov.mk и преку Инфо центарот 0800 33 000.

## ИСТОРИЈАТ

„Е-Даноци“ е првата електронска услуга на јавната администрација во Република Македонија.

Електронските даночни услуги од 01.06.2006 година за прв пат беа воведени за големите компании, да од 15.07.2008 година биде достапна за средните и малите даночни обврзници.
Од 16.02.2012 година, овозможивме и граѓаните да можат да ги поднесуваат своите даночни пријави преку интернет.

И покрај тоа што користењето на електронските даночни услуги досега беше на доброволна основа, преку активната едукација и информирање од страна на УЈП, 24.692 даночни обврзници се регистрираа за е-Даноци, препознавајќи ги поволностите на електронската комуникација.

Република Македонија и Управата за јавни приходи, следејќи ги европските практики и сопствените стратешки определби за воведување на целосна електронска комуникација со даночните обврзници, почнувајќи од 1 јануари 2013 година воведува облигаторно користење на е-Даноци за ДДВ обврзниците уредено со даночните закони.

## ПОВОЛНОСТИ ОД КОРИСТЕЊЕ НА Е-ДАНОЦИ

- Намалување на административните трошоци во финансиското работење
- Заштеда на време
- Електронското пополнување и поднесување на даночна пријава во просек трае 15 минути
- Можност за поднесување на 57 формулари, вршење на прегледи, добивање на извештаи и увид во даночната евиденција 24/7
- Намалување на грешки при пополнување на формуларите
- Системот автоматски го потсетува даночниот обврзник за роковите за поднесување на даночните пријави согласно даночниот календар
- Висок степен на безбедност и сигурност на личните и деловните податоци на даночниот обврзник



КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО
ЈАВНОСТА И КОМУНИКАЦИЈА
Контакт: Весна Новаковиќ
Тел: 02/3299 597; 075/327 270
е-пошта: vesna.novakovic@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk